Република Северна Македонија
Општина Кисела Вода
**Сектор за месна самоуправа и социјална заштита**

тел.: 02/2785-400
contact@kiselavoda.gov.mk

тел.: 02/2785-427
mesni-socijalna@kiselavoda.gov.mk

Согласно Програмата за месна самоуправа (капитални расходи) - ДА0, Подпрограма за Месна самоуправа (тековно оперативни расходи) Д10 на Општина Кисела Вода за 2025 година арх.бр.09-11562/9 од 27.12.2024 год. (Службен гласник на Општина Кисела Вода бр.1 од 15 Јануари 2025 год.) и Одлуката за субвенционирање на дел од трошоците на млади лица лица ( Матуранти - генерација 2025 година) за посетување на обука за теоретски и практичен дел за полагање на возачка дозвола од Б категорија со арх.бр.09-1622/4 од 26.02.2025 год. општина Кисела Вода објавува,

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА КИСЕЛА ВОДА
Бр. 08-2297/2
05-03-2025 год.

## ЈАВЕН ПОВИК

## ЗА СУБВЕНЦИОНИРАЊЕ НА ДЕЛ ОД ТРОШОЦИТЕ НА МЛАДИ ЛИЦА (МАТУРАНТИ – ГЕНЕРАЦИЈА 2025) ЗА ПОСЕТА НА ОБУКА ЗА ТЕОРЕТСКИ И ПРАКТИЧЕН ДЕЛ ЗА ПОЛАГАЊЕ НА ВОЗАЧКА ДОЗВОЛА ОД Б КАТЕГОРИЈА

**I. Општи информации**

**1. Краток опис на програмата на Јавниот повик:**
Предмет на овој Јавен повик е субвенционирање на дел од трошоците на млади лица (матуранти-генерација 2025 година) за посетување на обука за теоретски и практичен дел за полагање на возачка дозвола од Б категорија за 2025 година. Средствата за субвенционирање на дел од трошоците на млади лица (матуранти-генерација 2025 година) за посетување на обука за теоретски и практичен дел за полагање на возачка дозвола од Б категорија за 2025 година се предвидени во Програмата за месна самоуправа на Општина Кисела Вода Д10, ставка 464990 во вкупен износ од 4.000.000,00 денари во Буџетот на Општина Кисела Вода за 2025 година. Висината на субвенцијата на дел од трошоците на млади лица (матуранти-генерација 2025 година) за посетување на обука за теоретски и практичен дел за полагање на возачка дозвола од Б категорија за 2025 година ќе изнесува 10.000,00 денари (без вклучен персонален данок).

**2.Право на учество на Јавниот повик имаат:**
Право на учество за користење на субвенции за дел од трошоците на млади лица матуранти – генерација 2025 година за посетување на обука за теоретски и практичен дел за полагање на возачка дозвола од Б категорија ќе имаат сите граѓани-жители на Општина Кисела Вода (според важечка лична карта) кои треба да бидат Матуранти во 2025 година односно следат последна година од настава во некои од Средните училишта и започнале заклучно од 01.01.2025 година со процесот на уплата и следење на обука за теоретско-практичен дел за полагање на возачка дозвола од Б категорија.

**3.Критериуми и услови за учество:**
Основен критериум за добивање на субвенции за дел од трошоците на млади лица матуранти – генерација 2025 година за посетување на обука за теоретски и практичен дел за полагање на возачка дозвола од Б категорија ќе биде покрај потврда од средното училиште дека следат настава од последна година и истите треба да бидат матуранти генерација 2025 година како и да го имаат започанато процесот односно да имаат веќе уплатено одредени финансиски средства во 2025 година кон некоја од лиценцираните авто школи на територија на РСМ со што ќе докажат дека веќе ја имаат започнато процедурата со приложување на оригинална фискална сметка или уплатница. Барањата за субвенционирање на дел од трошоците на млади лица (матуранти-генерација 2025 година) за посетување на обука за теоретски и практичен дел за полагање на возачка дозвола од Б категорија за 2025 година ќе се поднесуваат заедно со потребната документација во затворен плик преку Архивата на општина Кисела Вода до Комисијата за спроведување на постапката.
Архивата на општина Кисела Вода примените барања ќе ги евидентира со точно време на поднесување (датум, час и минута), заради воспоставување на редослед по кој ќе се разгледуваат и прифаќаат барањата на база **прв дојден - прв услужен** и се до исполнување на вкупно предвидените финансиски средства од 4.000 000, 00 денари.

**4.Временска рамка и користење на средствата:**
Јавниот повик ќе трае се до исцрпувањето на предвидените финансиски средства сметано со денот на објавувањето во печатен медиум на територијата на РС Македонија а ќе биде објавено и на WEB сајтот на општина Кисела Вода. Средствата од проектот за субвенционирање на дел од трошоците на млади лица (матуранти-генерација 2025 година) за посетување на обука за теоретски и практичен дел за полагање на возачка дозвола од Б категорија за 2025 година ќе им бидат префрлени на трансакциските сметки на барателите кои конкурирале и ги исполниле условите предвидени во овој Јавен повик.

**5.Потребна документација:**
-Потврда од Средно училиште дека следи настава од последна година односно треба да биде Матурант – генерација 2025 година,
-Изјава (согласност за користење на лични податоци), достапна на WEB страната на општина Кисела Вода и во Архивата на општина Кисела Вода,
-Доказ за одредена уплата на финансиски средства (фискална,уплатница) кон некоја од лиценцираните авто школи во 2025 година/Договор,
-Копија од лична карта (од двете страни),
-Копија од важечка трансакциска сметка.

**6.Комисија:**
-За утврдување на исполнетоста на условите за субвенционирање на дел од трошоците на млади лица (матуранти-генерација 2025 година) за посетување на обука за теоретски и практичен дел за полагање на возачка дозвола од Б категорија за 2025 година, Градоначалникот на општина Кисела Вода донесе Решение за формирање на Комисија од 5 члена со арх.бр.08-2297/1 од 05.03.2025 година,
-Комисијата е составена од Претседател и 4 члена,
-Комисијата е задолжена да ја спроведе целата постапка за реализација на проектот субвенционирање на дел од трошоците на млади лица (матуранти-генерација 2025 година) за посетување на обука за теоретски и практичен дел за полагање на возачка дозвола од Б категорија за 2025 година и истата е должна да достави Предлог за доделување на предвидените финансиски средства до Градоначалникот, за сите лица кои ги исполниле критериумите се до вкупната исполнетост на планирани средства за таа намена.
-Врз основа на доставената документација и спроведената постапка, Комисијата ја утврдува исполнетоста на предвидените критериуми и потребната документација и доставува предлог до Градоначалникот на општина Кисела Вода за усвојување или неусвојување на барањето за добивање на предвидените финансиски субвенции.
-Комисијата има право да побара дополнителна документација која ќе треба да се достави доколку процени дека е потребно.
-Сите лица кои ќе успеаат да ги добијат предвидените субвенции односно ќе бидат одобрени нивните барања, нивните архивски броеви од поднесените барања ќе бидат објавени на WEB страната на општина Кисела Вода, што значи дека сите што нема да бидат објавени не успеале да влезат во потребниот цензус или се одбиени поради непотполна или нецелосна документација.

**Напомена: Барањата без комплетно приложена документација нема да се разгледуваат!**

**Повикот е со важност се до исполнувањето на предвидените финансиски средства за таа намена сметано со денот на објавувањето!**

За доплнителни информации:
Контакт телефон: 02 2785-427

Комисија за спроведување и реализација на субвенционирање
на млади лица (матуранти-генерација 2025) за посета на обука
на теоретски и практичен дел за полагање на возачка од Б категорија

Република Северна Македонија
Општина Кисела Вода
**Сектор за месна самоуправа и социјална заштита**

тел.: 02/2785-400
contact@kiselavoda.gov.mk

**тел.: 02/2785-427**
**mesni-socijalna@kiselavoda.gov.mk**

# БАРАЊЕ

За субвенционирање на дел од трошоците на млади лица лица ( Матуранти - генерација 2025 година) за посетување на обука за теоретски и практичен дел за полагање на возачка дозвола од Б категорија

1. Податоци за подносителот на барањето:

Од ________________________________________со ЕМБГ_____________________________________ адреса на живеење:_______________________________и контакт телефон__________________

**2.** Кон барањето ја поднесувам следната документација**:**

-Доказ за жителство на територија на Општина Кисела Вода (копија од лична карта).
- Изјава за согласност за користење на личните податоци.
- Потврда дека е ученик во средно училиште (Матурант-генерација 2025 година, оргинал).
- Оргинална фискална сметка за уплатени финансиски средства или уплатница со уплатени финансиски средства/склучен договор со одредена уплата на финансиски средства со важност од 01.01.2025 година кон лиценцирана автошкола за оспособување на кандидати за категорија Б.
- Трансакциска сметка (копија).

Место:

_____________

Датум:

_____________

Барател:

____________________

Република Северна Македонија
Општина Кисела Вода
**Сектор за месна самоуправа и социјална заштита**

тел.: 02/2785-400
contact@kiselavoda.gov.mk

**тел.: 02/2785-427**
**mesni-socijalna@kiselavoda.gov.mk**

# Изјава

за согласност за користење на личните податоци

Јас________________________________________________________________

Врз основа на член 6 од Законот за заштита на лични податоци (Службен весник бр.7/2005; 103/2008; 124/2010 и 135/2011), со оваа изјава ја изразувам својата согласност за обработка и чување на моите лични податоци во архивата на лични податоци од страна на Општина Кисела Вода.

Согласноста за обработка изразена погоре ги вклучува и следните лични податоци: име и презиме, датум на раѓање, матичен број, адреса на живеење и контакт телефон.

Со ова потврдувам дека сум известен/а за моето право на:

☐ Пристап и примена на моите лични податоци.

☐ Оправдано барање во писмена форма за блокирање на обработка на моите лични податоци поради посебна причина/ситуација, како и тоа дека давањето на моите лични податоци е доброволно.

☐ Го задржувам правото во секое време повлекувањето на согласноста да го дадам писмено или во која било друга форма.

Оваа изјава ја давам доброволно.

Место:

_________________

Датум:

_________________

Изјавил:

_________________